Општина Кочани
Раде Кратовче бр.1 * 2300 Кочани * Македонија
Тел. +389(0)33/274-001 • Факс . +389(0)33/273-542
www.kocani.gov.mk info@kocani.gov.mk

До

Организаторите на изборна кампања, кои имаат потврдена листа на кандидати од Државната изборна комисија, за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија

ИЗВЕСТУВАЊЕ

Почитувани,

Ве известуваме дека, согласно Одлуката на Советот на Општина Кочани за утврдување на места за истакнување на изборни плакати и утврдување на услови за добивање на право за користење на местата за истакнување на изборни плакати на подрачјето на Општина Кочани („Сл.гласник на Општина Кочани"бр.6/06)**, на ден 22.11.2016 година(вторник), со почеток во 10.00 часот** во салата за состаноци во Општина Кочани, Општинската администрација ќе изврши ждребовање за определување на редоследот за истакнување на изборни плакати **без надоместок**, на организаторите на изборна кампања кои учествуваат на предвремените парламентарните избори- 2016 година, на места определени со Одлуката на Советот на Општина Кочани.

Организаторите на изборна кампања за да можат да учествуваат на ждребовањето, покрај потврдени листи, потребно е до Градоначалникот на Општина Кочани да поднесат **барање за користење на местата за истакнување на изборни плакати, најдоцна до 21.11.2016 година, до 12.00 часот.**

Бр. 03-2055/1

18.11.2016 година
Кочани

Раководител
на Одделение за правни и општи работи
Венцо Бојков

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА КОЧАНИ